**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ТРГОВСКО ПРАВО ПО ПРЕДМЕТОТ ТРГОВСКО ПРАВО НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економскиот факултет - Скопје објавен во весниците *Слободен Печат* и *Коха* на 11.5.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) трговско право, по предметот трговско право, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот, бр. 02-916/10, донесена на 27.5.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Димитар Гелев, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, д-р Горан Коевски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје и д-р Катерина Тошевска-Трпчевска, вонреден професор на Економскиот факултет - Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) трговско право, по предметот трговско право, во предвидениот рок се пријави асистент д-р Љубен Коцев.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот асистент д-р Љубен Коцев е роден на 17.4.1992, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во СУГС Раде Јовчевски Корчагин. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје. Дипломирал на 11.9.2013 година, со просечен успех 8,65.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик и има основни познавања од германски и француски јазик.

Во учебната 2013/2014 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје. Студиите ги завршил на 1.7.2015 година, со просечен успех 9,42. На 1.7.2015 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Концептот на суштествена повреда на договорот според Конвенцијата на Обединетите Нации за договорите за меѓународна продажба на стоки (1980) како основ за раскинување на договорот.*

Докторска дисертација пријавил во август 2020 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Дисертацијата на тема: *Арбитрабилност на споровите од областа на конкурентското право* ја одбранил на 15.4.2022 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, проф. д-р Тони Дескоски, проф. д-р Горан Коевски, проф. д-р Татјана Зороска Камиловска и проф. д-р Ненад Гавриловиќ. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на правни науки.

На 20.12.2017 година е избран во звањето асистент - докторанд на Економскиот факултет - Скопје во областа група предмети од областа на правото.

Д-р Љубен Коцев во моментот е вработен како асистент докторанд на Економскиот факултет - Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1158 од 1.12.2017 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1158 од 1.12.2017 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Економски факултет - Скопје, кандидатот д-р Љубен Коцев изведува настава и вежби, на прв циклус студии по предметите Трговско право и Мултилатерална трговска регулатива. Успешно ги реализира предавањата и вежбите преку примена на современи наставни практики и преку отворена интеракција со студентите.

Во функција на наставно-образовната дејност, кандидатот одржувал консултации со студенти од прв циклус во склоп на предметите во чиј работен состав е член. Кандидатот исто така учествува во изготвување на испитни прашања, дежурства и спроведување на испити и колоквиуми на Економскиот факултет - Скопје.

Кандидатот е активно вклучен во подготовката на тимот на студенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ кој учествува на најголемиот натпревар за меѓународна трговска арбитража Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot, уште од 2015 година. Низ годините, тимот има добиено бројни награди.

Конкретните активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот се наведени во табелата во Образец 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци, дадена во прилог на овој извештај.

### Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Д-р Љубен Коцев има објавено вкупно 12 научни трудови, од кои 4 трудови во меѓународни научни списанија индексирани во Ebsco, 1 труд во научно списание, 4 трудови во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни научни собири и 3 трудови во зборник на трудови на високообразовна институција. Дополнително, има презентирано и објавено 2 апстракти на трудови во зборници на апстракти од меѓународни научни собири.

Кандидатот одржал 8 секциски предавања на научни собири со меѓународно учество. Дополнително, д-р Љубен Коцев е учесник како член во 1 меѓународен научен проект.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот (називите на трудовите, проектите и сл.) се наведени во табелата во Образец 2, дадена во прилог на овој извештај.

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Љубен Коцев реализирал богата стручно-апликативната активност.

За анализираниот период активно бил вклучен во промоцијата на Економскиот факултет – Скопје преку посета на средни училишта и останати промотивни настани. Исто

така бил член на организациски одбор за активности поврзани со реализација на меѓународна летна школа организирана од страна на Економскиот факултет - Скопје.

Остварил стручно усовршување во странство со 6 студиски престои со траење до 3 месеци во Германија, Кина, Швајцарија и Франција и еден студиски престој во траење од повеќе од 6 месеци во Хамбург, Германија.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. За анализираниот период бил активно вклучен во работата на повеќе комисии, одбори и работни групи при Економскиот факултет- Скопје:

- Член на комисија за упис на студенти на прв циклус студии (учебна 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 година).
- Член на пописна Комисија на Економскиот факултет во Скопје (2018 година).
- Член на Комисија за јавни набавки на Економскиот факултет во Скопје (2019-2021 и 2021-2023 година).
- Член на Комисија за спроведување на анкета за односот на наставниците и соработниците кон наставата (2019-2023 година).
- Член на Одбор за организација на настани кои ќе го одбележат јубилејот 70 години Економски факултет – Скопје (2019).
- Член на Комисија за промоција на Економскиот факултет во Скопје (2020 година).
- Член на Избирачки одбор за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Економскиот факултет во Скопје (2019/2020 и 2020/2021 година).
- Член на група за подготовка на документација за изработка на проект (елаборат) за акредитација на студиска програма по MBA Strategic Human Resource Management (2020).

За својата посветеност д-р Љубен Коцев се здобил и со индивидуално признание на 22-от Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot - Honorable Mention in the competition for Best Individual Oralist in Vienna, "Martin Domke Award."

Други активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот се наведени во табелата во Образец 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Љубен Коцев, во континуитет добива висока просечна оценка од над 9,70 од анонимно спроведената анкета на студентите на Економскиот факултет во Скопје. Високите оценки од анкетите за самоевалуација зборуваат дека кандидатот поседува способност и несебично се вложува во изведувањето на наставно-образовната дејност на Економскиот факултет - Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Љубен Коцев.

Комисијата особено го вреднува придонесот на кандидатот во преземањето активности за подготовката на тимот на студенти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" за учество на најголемиот натпревар за меѓународна трговска арбитража Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot, што овозможува подигнување на реномето и препознатливоста на Универзитетот во меѓународни рамки.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот (вкупно пресметани 118,82 поени, од кои во наставно-образовната дејност 27,62 поени, во научно-истражувачката дејност 68,2 поена и во стручно-апликативната дејност 23 поени), Комисијата заклучи дека д-р Љубен Коцев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **доцент** во научната област **трговско право** по предметот трговско право.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Скопје, д-р Љубен Коцев да биде избран во звањето **доцент** во научната област **трговско право** по предметот трговско право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Димитар Гелев
2. Проф. д-р Горан Коевски
3. Проф. д-р Катерина Тошевска - Трпчевска

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Љубен Александар Коцев**
**Институција: Економски факултет - Скопје**
**Научна област: Трговско право**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,65<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,42<br>Просечниот успех изнесува 8,89 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: трговско право, поле: правни науки, подрачје: општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА (за повеќе од 4 научни труда - види образец 2) |
| 3.1/1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Iustinianus Primus Law Review<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>3. Наслов на трудот: (De)localization of Arbitration – Onlive v. Offline Arbitration – E-arbitration in time of Covid 19<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.1/2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Iustinianus Primus Law Review<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>3. Наслов на трудот: The Birth and Rise of the International Commercial Courts in Paris – Boosting Litigation of Alternative to Arbitration (co-author)<br>4. Година на објава: 2019 | |
| 3.2/1 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: ECLIC 4 EU 2020 – Lessons from the past and solutions for the future<br>2. Назив на меѓународниот собир: EU and Comparative law Issues and Challenges – International Scientific Conference<br>3. Имиња на земјите: Хрватска, Англија, Канада, Унгарија, Австрија, Словенија, Србија, БиХ, Естонија, Словачка, Северна Македонија, Шпанија, Португалија, Бразил и Италија<br>4. Наслов на трудот: Actions for Damages for Breach of EU Competition Law – Efficient Market Protection through Private Enforcement – With Emphasis on North Macedonia<br>5. Година на објава: 2020 | |
| 3.2/2 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Economic and Business Trends – Shaping the Future<br>2. Назив на меѓународниот собир: International Scientific Confernce – 70 Years Faculty of Economics – Skopje<br>3. Имиња на земјите: Полска, Северна Македонија, Турција, САД, Србија, Црна Гора, БиХ, Албанија, Португалија, Канада, Аргентина, Австрија, Ирска, Словенија, Франција, Швајцарија, Германија, Хрватска, Обединетото Кралство<br>4. Наслов на трудот: The Impact of COVID-19 on the performance of international commercial contracts for the sale of goods – force majeure and hardship<br>5. Година на објава: 2020 | |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц2 според Заедничката европска референтна рамка за јазиците на Советот на Европа (CEEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет “Блаже Конески”, Универзитет “Св. Кирил и Методиј”<br>4. Датум на издавање на документот: 29.4.2022 година | |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат засnован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Димитар Гелев
2. Проф. д-р Горан Коевски
3. Проф. д-р Катерина Тошевска - Трпчевска

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Љубен Александар Коцев**
**Институција: Економски факултет - Скопје**
**Научна област: Трговско право**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава (прв циклус студии)**<br><br>***Мултилатерална трговска регулатива***<br>- Академска 2018/2019 година 6*2*0,04=0,48<br>- Академска 2019/2020 година 6*2*0,04=0,48<br>- Академска 2020/2021 година 6*2*0,04=0,48<br>- Академска 2021/2022 година 6*2*0,04=0,48 | **1,92** |
| 2. | **Одржување на вежби (прв циклус студии)**<br><br>- ***Трговско право***<br>Академска 2018/2019 година 6*15*0,03=2,70<br>Академска 2019/2020 година 6*15*0,03=2,70<br>Академска 2020/2021 година 6*15*0,03=2,70<br>Академска 2021/2022 година 6*15*0,03=2,70 | **10,8** |
| 3. | **Настава во школи и работилници**<br>- Предавач на петта летна школа "5th Itinerant Summer University in the Balkans", организирана од Правен Факултет "Јустинијан Први" во Скопје, Université Paris Nanterre и Universität Münster, одржана во Скопје (5-6.5.2022) на тема "Decentralized enforcement of competition law – new trends and challenges" [1 поен]<br>- Предавач на втора летна школа "2nd Itinerant Summer University in the Balkans", организирана од Правен факултет "Јустинијан Први" во Скопје, Université Paris Nanterre и Universität Münster, одржана во Скопје (09-12.09.2015) на тема "The concept of "fundamental breach" under the United Nations Convention on Contracts for the International Sale of goods (CISG)." [1 поен]<br>- Предавач на работилница за "Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot" – The UN Convention on Contracts for the International Sale of Goods from 1980 (CISG); Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје; (2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, и 2021 година) [7 поени] | **9** |
| **4.** | **Консултации со студенти**<br><br>**Трговско право**<br>- 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 - (609 + 471 + 456 + 476 ) * 0,002= 4,02 | **5,9** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Мултилатерална трговска регулатива**<br>- 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 – (64 + 61 + 65 + 33) * 0,002= 0,45<br><br>**Меѓународни трговски трансакции**<br>- 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 – (71 + 70 + 44 + 29) * 0,002= 0,43<br><br>**Меѓународни организации и интеграции**<br>- 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 – (93 + 58 + 66 + 61) * 0,002= 0,56<br><br>**Единствен пазар на ЕУ**<br>- 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 – (79 + 67 + 36 + 37)*0,002= 0,44 | |
| | **Вкупно** | **27,62** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во меѓународен научен проект**<br><br>1. Учесник во меѓународен научен проект: “Promoting Mechanism for Alternative Dispute Resolution and Mediation in North Macedonia – INVESTinADR” [5 поени] | **5** |
| **2.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**<br><br>1. Deskoski T. Dokovski V. Kocev Lj. (2021). (De)Localization of Arbitration: Online vs. Offline Arbitration - E- Arbitration in times of COVID19. Iustinianus Primus Law Review. Vol. 12 Issue 2. [5*0,8 = 4 поени]<br>2. Deskoski T. Dokovski V. Kocev Lj.(2019). The Birth and Rise of International Commercial Courts in Paris - Boosting Litigation or Alternative to Arbitration. Iustinianus Primus Law Review. Vol. 10 Issue 2. [5*0,8 = 4 поени]<br>3. Kocev, Lj. (2018). Determining the Applicable Law on Privileges in International Commercial Arbitration. Iustinianus Primus Law Review Vol 17. [5 поени]<br>4. Kocev, Lj. (2018). The New International Chambers of the Paris Courts - Innovative Way for Resolution of Commercial Disputes. Knowledge International Journal, 28(1), 241-246. [5 поени] | **18** |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br><br>1. Kocev Lj. (2021). Copyright Protection v. Free Movement of Goods Within the Internal Market of the EU. Economics. Law. Innovation. Issue 4, 55-63. [3 поени] | 3 |
| 4. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**<br><br>1. Kocev Lj. (2020). The impact of COVID-19 on the performance of international commercial contracts for the sale of goods – force majeure and hardship. Economic and Business Trends Shaping the Future, Proceedings to the International Scientific Conference, Faculty of Economics – Skopje. [5 поени]<br>2. Kocev Lj. (2020). Actions for Damages for Breach of EU Competition Law - Efficient Market Protection Trough Private Enforcement - With Emphasis on North Macedonia. EU and Comparative Law Issues and Challenges Series (ECLIC). Josip Juraj Strossmayer University of Osijek, Faculty of Law Osijek. ISSUE 4 [5 поени]<br>3. Kocev Lj. (2019). Arbitrability of Competition Law Disputes. Iustinianus Primus Law Review – Special Issue – Proceedings from the Annual International Conference – 30 years after the fall of the Berlin Wall, November 2019. [5 поени]<br>4. Kocev Lj. Kierkova I. Toshevska Trpchevska K. Makrevska Disoska E. (2019). Enhancing regional cooperation througn custom digitalization in CEFTA - 2006. Proceedings of FEB Zagreb 10th International Odyssey Conference on Economics and Business. Faculty of Economics & Business University of Zagreb.Croatia, 2019 [5x0,6=3 поени] | 18 |
| 5. | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа**<br><br>1. Коцев Љ. (2021). Концептот на „суштествена повреда" на договорот согласно член 25 од Конвенцијата на Обединетите нации за договорите за меѓународна продажба на стоки. Годишник на Економски факултет - Скопје. Vol. 56, 153-170. [2 поени]<br>2. Коцев Љ. (2020). Основи за раскин на договорот за продажба според Конвенцијата на Обединетите нации за договорите за меѓународна продажба на стоки (1980). Годишник на Економски факултет - Скопје. Vol. 55, 107-122. [2 поени]<br>3. Коцев, Љ. (2018). Примена на "Конвенцијата на Обединетите Нации за меѓународна продажба на стоки" во меѓународната трговија. Годишник на Економски Факултет - Скопје. Vol. 53, 187-201. [2 поени] | 6 |
| 6. | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>1. 12-13.11.2020 - "The impact of COVID-19 on the performance of international commercial contracts for the sale of goods – force majeure and hardship" усна презентација на International | 16 |

| | | |
|---|---|---|
| | Scientific Conference “Economic and Business Trends Shaping the Future”, Faculty of Economics – Skopje . [2 поени]<br>2. 10-11.09.2020 - "Actions for Damages for Breach of EU Competition Law - Efficient Market Protection Trough Private Enforcement - With Emphasis on North Macedonia" усна презентација на ECLIC International Scientific Conference “EU 2020 – lessons from the past and solutions for the future“, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek [2 поени]<br>3. 21.05.2020 - "Copyright Protection vs Free Movement of Goods Within the Internal Market of the EU" усна презентација на WCO VII International Online iCustoms Conference, St. Petersburg, Russia. [2 поени]<br>4. 8.11.2019 - "Arbitrability of Competition Law Disputes" усна презентација на Faculty of Law Iustinianus Primus Annual International Conference "30 years after the Fall of the Berlin Wall", Skopje, Macedonia. [2 поени]<br>5. 22-24.10.2019 - "Customs Digital Integration in CEFTA-2006 усна презентација на Wold Customs Organization Annual PICARD Conference, Skopje, Macedonia. [2 поени]<br>6. 12-15.06.2019 - "Enhancing Regional Cooperation Through Customs Digitalization in CEFTA-2006" усна презентација на “FEB Zagreb 10th International Odyssey Conference on Economics and Business”, Opatija, Croatia. [2 поени]<br>7. 14-16.12.2018 - "The New International Chambers of the Paris Courts- Innovative Way for Resolution f Commercial Disputes" усна презентација на XIX International Scientific Conference "Knowledge in Practice", Bansko, Bulgaria. [2 поени]<br>8. 29-30.06.2018 - "Digitalization and trade facilitation within the CEFTA-2006" усна презентација на London School of Economic - CEFTA Academic Network Workshop, “Enhancing research on trade in the CEFTA region”, Belgrade, Serbia. [2 поени] | |
| **7.** | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција**<br><br>1. Actions for Damages for Breach of EU Competition Law - Efficient Market Protection Trough Private Enforcement - With Emphasis on North Macedonia" Book of Abstracts of the International Scientific Conference “EU 2020 – lessons from the past and solutions for the future“, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek [1 поен]<br>2. Arbitrability of Competition Law Disputes. Book of Abstracts of the Annual International Conference "Transition of Legal Systems - 30 years after the Fall of the Berlin Wall", Faculty of Law Iustinianus Primus Skopje. [1 поен] | **2** |
| **8.** | **Рецензија на научен/стручен труд**<br><br>1. Рецензија на труд за Economic and Business Trends Shaping the Future, Proceedings to the International Scientific Conference, Faculty of Economics – Skopje, 2020. | **0.2** |
| | **Вкупно** | **68,2** |

**СТРУЧНО ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учество во промотивни активности на факултетот**<br><br>1. Промотивни активности на Економскиот факултет во Скопје – посета на средни училишта во град Скопје (2018, 2019, 2020 и 2022 година). [2 поени]<br>2. Промотивни активности на Економскиот факултет во Скопје – "Запознај го УКИМ„ (2018 и 2019 година). [1 поен] | 3 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 2. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир**<br><br>1. Член на Организациски одбор за активности поврзани со реализација на меѓународна летна школа "Enhancing and managing competitive economics and business environment: Challenges for the South and Eastern European countries and the Black Sea Region." (2020). [1 поен] | 1 |
| 3. | **Студиски престој во странство (до три месеци)**<br><br>1. 15.10-15.11.2021, Сарбрикен, СР Германија, University of Saarland, Europa Institut, DAAD Leonhard Euler program 2021/22. [0,5 поени]<br>2. 15.1-15.2.2020, Сарбрикен, СР Германија, University of Saarland, Europa Institut, DAAD Program for Research Stay. [0,5 поени]<br>3. 9-14.7.2019, Сјамен, Н.Р.Кина, 2019 XMU International Summer School of Intellectual Property, hosted by Intellectual Property Research Institute of Xiamen University. [0,5 поени]<br>4. 2-5.7.2018. Женева, Швајцарија, Interdisciplinary PhD School, Globalization and Global Governance in an interdisciplinary perspective, Global Studies Institute, University of Geneva. [0,5 поени]<br>5. 6-24.7.2015, Париз, Франција, Summer University of the Fondation pour Le Droit Continental (Civil Law Initiative). [0,5 поени]<br>6. 7-24.7.2014, Париз, Франција, International Academy for Arbitration Law. [0,5 поени] | 3 |
| 4. | **Студиски престој во странство (повеќе од 6 месеци)**<br><br>1. 8.2016-.8.2017, Bucerius Law School, Хамбург, СР Германија, специјалистички магистерски студии [2 поени] | 2 |
| 5. | **Член на факултетска комисија**<br><br>1. Член на комисија за упис на студенти на прв циклус студии (учебна 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 година. [2 поени]<br>2. Член на пописна Комисија на Економскиот факултет во Скопје (2018 година). [0,5 поен]<br>3. Член на Комисија за јавни набавки на Економскиот факултет во Скопје (2019-2021 и 2021-2023 година). [1 поен]<br>4. Член на Комисија за спроведување на анкета за односот на | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | наставниците и соработниците кон наставата (2019-2023 година). [0,5 поени]<br>5. Член на Одбор за организација на настани кои ќе го одбележат јубилејот 70 години Економски факултет – Скопје (2019). [0,5 поени]<br>6. Член на Комисија за промоција на Економскиот факултет во Скопје (2020 година) [0,5 поени]<br>7. Член на Избирачки одбор за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Економскиот факултет во Скопје (2019/2020 и 2020/2021 година). [1 поени]<br>8. Член на група за подготовка на документација за изработка на проект (елаборат) за акредитација на студиска програма по MBA Strategic Human Resource Management (2020). [0,5 поени]<br>9. Секретар на Катедра надворешна трговија (2019-2022 година). [0,5 поени] | |
| 6. | **Меѓународна награда за научни и уметнички постигнувања**<br><br>1. Април 2015, Honorable Mention in the competition for Best Individual Oralist in Vienna, "the Martin Domke Award" at the 22nd Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot [7 поени] | **7** |
| | **Вкупно** | **23** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 27,62 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 68,2 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 23 |
| **Вкупно** | 118,82 |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Димитар Гелев
2. Проф. д-р Горан Коевски
3. Проф. д-р Катерина Тошевска - Трпчевска

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 02-1334/15 Дата. 12.09 2022 година

Врз основа на член 110, 174 и 175 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.Македонија бр.82/18 и Сл.весник на Р.С.Македонија бр.178/21) и член 41 и 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр.411 од 5.11.2018 година), а на предлог на рецензентската комисија, Наставно – научниот совет на Економскиот факултет – Скопје на седницата одржана на ден 2.9.2022 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Кандидатот д-р Љубен Коцев, се избира за наставник во наставно – научно звање доцент, во научната област: трговско право, по предметот: трговско право.
2. Д-р Љубен Коцев се стекнува со наставно – научно звање доцент, започнувајќи од денот на донесување на оваа одлука и за период од 5 години, односно од 2.9.2022 до 1.9.2027 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научната област: трговско право, по предметот: трговско право, објавен во Слободен Печат и Коха на ден 11.5.2022 година, се пријави само кандидатот д-р Љубен Коцев.

Рефератот на Рецензентската комисија е објавен во Билтенот на Универзитетот бр.1263 од 15.6.2022 година.

Против изготвениот реферат на Рецензентската комисија во предвидениот рок, не е поднесен приговор.

Наставно – научниот совет на седницата одржана на ден 2.9.2022 година, го прифати предлогот на Рецензентската комисија во состав:

- Проф. д-р Димитар Гелев
- Проф. д-р Горан Коевски
- Проф. д-р Катерина Тошевска Трочевска

и го избра д-р Љубен Коцев за наставник во наставно – научно звање доцент, во научната област: трговско право, по предметот: трговско право.

Прилог на оваа одлука претставува рецензентскиот извештај.

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Оваа одлука да се достави до: д-р Љубен Коцев, продекан за настава, оддление за финансиско и материјално работење, одделение за студентски прашања, раководител на катедра, персонално досие, досие на седницата и архива.

**ДЕКАН**

Изработил:Д.К

**Проф. д-р Предраг Трпески**

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ